**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-70

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од МХП СЕ, со седиште на 16-18, улица Зинас Кантер, Агиа Триада, П.С. 3035, Лимасол, Кипар, доставено преку Адвокатско друштво Георгиервски од Скопје, на седницата одржана на ден 16.10.2018 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која МХП СЕ, со седиште на 16-18, улица Зинас Кантер, Агиа Триада, П.С. 3035, Лимасол, Кипар ќе стекне контрола над друштвото Перутнина Птуј д.д. со седиште на ул.Потрчева бр.10, 2250 Птуј, Словенија, преку купопродажба на акции, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 19.09.2018 година, а дополнета на 02.10.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) прими известување за концентрација од МХП СЕ, со седиште на 16-18, улица Зинас Кантер, Агиа Триада, П.С. 3035, Лимасол, Кипар со која МХП СЕ, Кипар ќе стекне контрола над друштвото Перутнина Птуј д.д. со седиште на

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ул.Потрчева бр.10, 2250 Птуј, Словенија, преку купопродажба на акции,во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренција.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополната го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**МХП СЕ, Кипар** работи како холдинг компанија на ПЈСЦ Мироновски Хлибопродукт и неговите подружници, агроиндустриска компанија со седиште во Украина чија активност е производство и снабдување со живина и одгледување жито, како и преработка на месо и месни производи подготвени за консумирање.

Во Република Македонија МХП СЕ е присутно преку продажба на примарно пилешко месо.

Перутнина Птуј д.д., Словенија е друштво за преработка на месо. Производите на Перутнина Птуј д.д. вклучуваат месо од живина, пилешки колбаси, ладни јадења, паштети, виршли, поховани производи, салами и други прехрамбени производи.

Перутнина Птуј д.д. во Република Македонија има едно регистрирано зависно друштво:

Перутнина Птуј ДООЕЛ, со седиште на ул. Перо Наков бр.108/А Скопје и истото врши увоз и големопродажба на производите на Перутнина Птуј д.д, во Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**